# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 06 26.05.2026, вторник

www.valandovo.gov.mk

**С О Д Р Ж И Н А**

**Градоначаник на Општина Валандово**

**Совет на Општина Валандово:**

1. **Решение** за објавување на Одлука за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев" Валандово во учебната 2026/2027 година....................................................4
2. **Одлука** за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев" Валандово во учебната 2026/2027 година...........4
3. **Решение** за објавување на Решение за именување на членови на Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово.........................................4
4. **Решение** за именување на членови на Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово...5
5. **Решение** за објавување на Решение за именување на членови на Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис" Валандово..........................................5
6. **Решение** за именување на членови на Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис" Валандово...........................................................................5
7. **Решение** за објавување на Одлука за давање на времено користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Централен регистар – РК Валандово...........................................................................6
8. **Одлука** за давање на времено користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Централен регистар – РК Валандово...............................6
9. **Решение** за објавување на Правилник за измена на правилникот за начинот на функционирање, наградите, надоместоците и другите трошоци на „Фолк - Фест" Валандово 2026 година....................................................6
10. **Правилник** за измена на правилникот за начинот на функционирање, наградите, надоместоците и другите трошоци на „Фолк - Фест" Валандово 2026 година..................................................................................6
11. **Решение** за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово................8
12. **Одлука** за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово..........................................................................8
13. **Решение** за објавување на Одлука за обезбедување на средства за пред-финансирање на проекти имплементирани од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион............................................8
14. **Одлука** за обезбедување на средства за пред-финансирање на проекти имплементирани од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион.......................8
15. **Решение** за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за Фудбалскиот клуб „Победа" Валандово за освоената шампионска титула и подготовки за бараж за влез во Втора македонска фудбалска лига...................................................................9
16. **Одлука** за одобрување финансиски средства за Фудбалскиот клуб „Победа" Валандово за освоената шампионска титула и подготовки за бараж за влез во Втора македонска фудбалска лига...................................9
17. **Решение** за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на КФМ „ПРОЕКТ " с.Јосифово, Валандово како награда за освојување на шампионска титула во првата македонска футсал лига.10

**18. Одлука** за одобрување финансиски средства на КФМ „ПРОЕКТ " с.Јосифово, Валандово како награда за освојување на шампионска титула во првата македонска футсал лига........................................................................10

**19. Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Општинскиот енергетскиот план за 2027 година за Општина Валандово.........................................10

**20. Заклучок** за усвојување на Општинскиот енергетскиот план за 2027 година за Општина Валандово

**21. Решение** за објавување на Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за 2027 година..................11

**22. Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито" Валандово за 2027 година...............................................11

**23. Решение** за објавување на Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за 2027 година

**24. Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур" с.Јосифово, Валандово за 2027 година............................11

**25. Решение** за објавување на Одлука за прифаќање на донација – Осветлување и озвучување на предвестивалската вечер од Фолк Фест Валандово 2026 година од Друштво за трговија и услуги РЕНТАЛ МЕДИЈА ГРУП ДООЕЛ Струмица.....................................................11

**26. Одлука** за прифаќање на донација – Осветлување и озвучување на предвестивалската вечер од Фолк Фест Валандово 2026 година од Друштво за трговија и услуги РЕНТАЛ МЕДИЈА ГРУП ДООЕЛ Струмица..........................................................................12

**27. Решение** за објавување на Одлука за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од Трговско друштво за производство, трговија и услуги КОНТИ ХИДРОПЛАСТ ДООЕЛ Гевгелија..............................................................12

**28. Одлука** за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од Трговско друштво за производство, трговија и услуги КОНТИ ХИДРОПЛАСТ ДООЕЛ Гевгелија.............12

**29. Решение** за објавување на Одлука за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од Акционерско друштво за производство, трговија и угостителство ИМПЕРИЈАЛ – ТОБАКО АД увоз-извоз Валандово.........13

**30. Одлука** за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од Акционерско друштво за производство, трговија и угостителство ИМПЕРИЈАЛ – ТОБАКО АД увоз-извоз Валандово.........................................................................13

**31. Решение** за објавување на Одлука за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од Трговец поединец за угостителство ФУКТАК ТП Митко Петар Јанев Стар Дојран..................................................................................13

**32. Одлука** за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од Трговец поединец за угостителство ФУКТАК ТП Митко Петар Јанев Стар Дојран.....................................13

**33. Решение** за објавување на Одлука за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од ДПТУ ФАНСИ КОРНЕР ЦОПАНЕЛИС ДОО с.Раброво, Валандово........14

**34. Одлука** за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од ДПТУ ФАНСИ КОРНЕР ЦОПАНЕЛИС ДОО с.Раброво, Валандово.....................................................14

**35. Решение** за објавување на Одлука за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од ДПТУ МАРЈАН РИНГО ДООЕЛ увоз-извоз с.Брајковци, Валандово........14

**36. Одлука** за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од ДПТУ МАРЈАН РИНГО ДООЕЛ увоз-извоз с.Брајковци, Валандово...................................................14

**37. Решение** за објавување на Одлука за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕВРОГРАДБА-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ с.Владиевци Василево...............15

**38. Одлука** за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕВРОГРАДБА-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ с.Владиевци Василево..........................................................................15

**39. Решение** за објавување на Одлука за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од Друштво за трговија, земјоделство, производство и услуги БОНИ ИНТЕРГРАДБА ДОО увоз-извоз Струмица.....................16

**40. Одлука** за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од Друштво за трговија, земјоделство, производство и услуги БОНИ ИНТЕРГРАДБА ДОО увоз-извоз Струмица................................................................16

**41. Решение** за објавување на Одлука за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од Друштво за градежништво, трговија, услуги и производство ЏОВИ КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ с.Мокрино, Ново Село....16

**42. Одлука** за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од Друштво за градежништво, трговија, услуги и производство ЏОВИ КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ с.Мокрино, Ново Село.......................................................17

**43. Решение** за објавување на Одлука за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од Друштво за трговија и услуги ВИЕНА ПЕТРОЛ ДОО увоз-извоз с.Јосифово Валандово.........................................................................17

**44. Одлука** за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од Друштво за трговија и услуги ВИЕНА ПЕТРОЛ ДОО увоз-извоз с.Јосифово Валандово...........................17

**45. Решение** за објавување на Одлука за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од Друштво за градежништво, трговија и услуги БСГ ИНВЕСТ ТИМ ДОО Гевгелија...........................................................................18

**46. Одлука** за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од Друштво за градежништво, трговија и услуги БСГ ИНВЕСТ ТИМ ДОО Гевгелија...................................18

**47. Решение** за објавување на Одлука за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од Друштво за

производство преработка трговија и услуги ЕКОСТО увоз-извоз ДОО Стојаково-Богданци......................................19
**48. Одлука** за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од Друштво за производство преработка трговија и услуги ЕКОСТО увоз-извоз ДОО Стојаково-Богданци..19
**49. Решение** за објавување на Одлука за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од ПЗУ Клиничка болница ЖАН МИТРЕВ Скопје..........................................19
**50. Одлука** за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година од ПЗУ Клиничка болница ЖАН МИТРЕВ Скопје.19
**51. Решение** за објавување на Одлука за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година ДТУП ПУКЕТ-КОНСАЛТ-ДС ДООЕЛ Струмица....................................19
**52. Одлука** за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година ДТУП ПУКЕТ-КОНСАЛТ-ДС ДООЕЛ Струмица...20
**53. Решение** за објавување на Одлука за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година ДТ СИГАЛ ДООЕЛ Струмица...........................................................................20
**54. Одлука** за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година ДТ СИГАЛ ДООЕЛ Струмица..............................20
**55. Решение** за објавување на Одлука за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година ДПТТУ ВИКМАР ТРАНСПОРТ ДООЕЛ с.Удово...........................................20
**56. Одлука** за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година ДПТТУ ВИКМАР ТРАНСПОРТ ДООЕЛ с.Удово...21
**57. Решение** за објавување на Одлука за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година ДПТУ ДИМ-КОМЕРЦ ДООЕЛ Валандово............................................................21
**58. Одлука** за прифаќање на спонзорство – финансиска поддршка за Фолк Фест Валандово 2026 година ДПТУ ДИМ-КОМЕРЦ ДООЕЛ Валандово.............21

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев” Валандово во учебната 2026/2027 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев” Валандово во учебната 2026/2027 година што Советот на Општина Валандово ја донесе на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-691/2 | Градоначалник |
| 26.05.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и 8, член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 21 став 1 точка 11, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Опшина Валандово, Советот на Општина Валандово на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев” Валандово во учебната 2026/2027 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат правото и условите на субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев” Валандово во учебната 2026/2027 година, од Буџетот на Општина Валандово, во нето износ од 12.000,00 денари, по ученик.

**Член 2**

Право на субвенција за семејствата кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев” Валандово имаат родителите/старателите на сите ученици запишани во прва година, за прв пат во средното општинско училиште, во учебната 2026/2027 година.

**Член 3**

За остварување на правото на субвенционирање на семејствата кои имаат ученик запишан во прва година, се поднесува Барање до Општина Валандово, во период од 31.08.2026 година до 30.09.2026 година.

Со Барањето за остварување на правото на субвенција на семејствата кои имаат ученик запишан во прва година се приложуваат следните документи:

- Потврда за запишан ученик во прва година за прв пат, во учебната 2026/2027 година издадена и заверена од Средното општинско училиште „Гоце Делчев” Валандово;

- Фотокопија од важечки лични карти или патни исправи од родителите/старателите на ученикот;

- Извод од матична книга на родените за ученикот;

- Фотокопија од трансакциска сметка на еден од родителите/старателите.

**Член 4**

За основаност на Барањето поднесено од страна на родителот/старателот одлучува Комисија составена од 3 до 5 члена, која ја формира Градоначалникот на Општина Валандово.

**Член 5**

Одлуката за субвенционирање на семејства кои имаат ученик запишан во прва година во СОУ „Гоце Делчев” Валандово, врз основа на приложената документација ја спроведува Градоначалникот на Општина Валандово со поединечен управен акт - Решение.

**Член 6**

Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на Општина Валандово од:

- Програма АО – Совет на општина Валандово, ставка 464 – разни трансфери потставка 464990 - други трансфери.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-108/2 | Совет на Општина Валандово |
| 22.05.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Решение за именување на членови на Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решение за именување на членови на Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово што Советот на Општина Валандово го донесе на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-691/3 | Градоначалник |
| 26.05.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 36 став 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РМ“ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 42 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, а имајќи го во предвид Предлогот од Комисијата за селекција на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење и Управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово бр.08-95/3 од 18.05.2026 година, Советот на Општина Валандово на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на членови на Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

**1.** За членови на Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово, кои ги исполнуваат законските услови, по претходно спроведена постапка согласно законските прописи а на предлог на Комисијата за селекција на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење и Управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово бр.08-91/16 од 29.04.2026 година формирана од Советот на Општина Валандово**, СЕ ИМЕНУВААТ:**

- Валентина Накова;
- Андромахе Милошевска;
- Тоше Тодоров.

**2.** Членови на Управниот одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово од член 1 на ова Решение, се назначуваат со мандат од 4 (четири) години.

**3.** Оваа Решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-108/3 | Совет на Општина Валандово |
| 22.05.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Решение за именување на членови на Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решение за именување на членови на Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово што Советот на Општина Валандово го донесе на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-691/4 | Градоначалник |
| 26.05.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член 17-ѓ, 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 36 став 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РМ“ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 42 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, а имајќи го во предвид Предлогот од Комисијата за селекција на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење и Управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово бр.08-95/3 од 18.05.2026 година, Советот на Општина Валандово на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на членови на Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

**3.** За членови на Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово, кои ги исполнуваат законските услови, по претходно спроведена постапка согласно законските прописи а на предлог на Комисијата за селекција на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење и Управен одбор на ЈП

„Комунален сервис“ Валандово бр.08-91/16 од 29.04.2026 година формирана од Советот на Општина Валандово, **СЕ ИМЕНУВААТ:**

- Тамара Нанова;
- Милош Кецоевиќ.

**4.** Членови на Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово од член 1 на ова Решение, се назначуваат со мандат од 4 (четири) години.

**3.** Оваа Решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-108/4 | Совет на Општина Валандово |
| 22.05.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање на времено користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Централен регистар – РК Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање на времено користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Централен регистар – РК Валандово што Советот на Општина Валандово ја донесе на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-691/5 | Градоначалник |
| 26.05.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024), член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.Весник на РМ“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и („Сл.Весник на РСМ“ бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), член 21 став 1 точка 32, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05..2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на времено користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Централен регистар – РК Валандово**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува давањето на времено користење на дел од недвижен имот (една канцеларија) сопственост на Општина Валандово лоцирана на КП бр. 2245 зграда 1, кат ПР, влез 1, со вкупна површина од 12 $м^2$, како дел од простории со вкупна површина од 61 $м^2$, запишани во Имотен лист 1038КО Валандово, на Централен регистар на РСМ – РК Валандово.

**Член 2**

Примопредавањето на недвижната ствар опишана во член 1 од оваа Одлука да се изврши помеѓу претставници на Општина Валандово и Централен регистар на РСМ – РК Валандово во рок од 30 дена од денот на влегување на сила на оваа одлука.

Примопредавањето да се изврши со записник составен во 4 (четри) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за секоја страна.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-108/5 | Совет на Општина Валандово |
| 22.05.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Правилник за измена на правилникот за начинот на функционирање, наградите, надоместоците и другите трошоци на „Фолк - Фест” Валандово 2026 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Правилник за измена на правилникот за начинот на функционирање, наградите, надоместоците и другите трошоци на „Фолк - Фест” Валандово 2026 година што Советот на Општина Валандово го донесе на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-691/6 | Градоначалник |
| 26.05.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член член 22 став 1 точка 5, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 и („Службен весник на РСМ“ бр. 202/2024), член 15 став 1 точка 5 и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05.2026 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ, НАГРАДИТЕ, НАДОМЕСТОЦИТЕ И ДРУГИТЕ ТРОШОЦИ НА "ФОЛК-ФЕСТ" ВАЛАНДОВО 2026 година**

**Член 1**

Со овој Правилник, се врши измена и дополнување на Правилникот за начинот на функционирање, наградите, надоместоците и другите трошоци на „Фолк - Фест" Валандово 2026 година бр.08-22/20 од 28.01.2026 гоодина усвоен од Советот на Општина Валандово на шестата редовна седница, со тоа што се вршат следните измени:

Во членот 5 став 4 текстот:

„ Изборот на победничките композиции се врши по пат на гласање од страна на стручна жири комисија составена од 3 (три) члена, формирана од страна на организаторот и присутната публика во салата."

се заменува со текстот

„ Изборот на победничките композиции се врши по пат на гласање од страна на стручна жири комисија составена од 5 (пет) члена, формирана од страна на организаторот и присутната публика во салата."

Во членот 5 став 11 текстот:

„Тони Грачанин" за најдобар дебитант" се заменува со текстот

„Тони Грачанин за најдобра музика".

**Член 2**

Во членот 6 став 2 алинеја 3 зборовите „и кран камера" се бришат.

**Член 3**

Во членот 7 став 1 текстот:

„На фестивалот ќе се доделат шест парични награди, и тоа :

- 1 награда 2.000 евра;
- 2 награда 1.500 евра;
- 3 награда 1000 евра ;
- Нарада „Тони Грачанин" за најдобар дебитант 500 евра;
- Нарада „Драги Митев" за најдобар аранжман 500 евра;
- Нарада „Ѓоко Дончев" за најдобра вокална изведба 500 евра;
- „Мирчо Карамучев" за најдобар текст 500 евра. "

се заменува со текстот

„На фестивалот ќе се доделат шест парични награди, и тоа :

- 1 награда 1.500 евра;
- 2 награда 1.000 евра;
- 3 награда 750 евра ;
- Нарада „Тони Грачанин" за најдобра музика 500 евра;
- Нарада „Драги Митев" за најдобар аранжман 500 евра;
- Нарада „Ѓоко Дончев" за најдобра вокална изведба 500 евра;
- „Мирчо Карамучев" за најдобар текст 500 евра."

**Член 4**

Во членот 8 став 1 точка 1 текстот:

„На директори (програмски совет) на фестивалот до 300.000,00 денари"
се заменува со текстот
„На директори (програмски совет) на фестивалот до 500.000,00 денари"

Во членот 8 став 1 точка 3 текстот:

„На водители на фестивалот до 90.000,00 денари"
се заменува со текстот
„На водители на фестивалот до 120.000,00 денари"

Во членот 8 став 1 точка 4 текстот:

„На стручна жири комисија на фестивалот до 60.000,00 денари"
се заменува со текстот
„На стручна жири комисија на фестивалот до 40.000,00 денари"

Во членот 8 став 1 точка 11 текстот:

„Обезбедување до 30.000,00 денари"
се заменува со текстот
„Обезбедување до 60.000,00 денари"

Во членот 8 став 1 точка 15 текстот:

„Предфестивалски вечери до 600.000,00 денари"
се заменува со текстот
„Предфестивалски вечери до 1.200.000,00 денари".

**Член 5**

Во членот 8 став 1 по точка 17 се додава нова точка 18 која гласи:
„Козметички и фризерски услуги до 60.000,00 денари".

**Член 6**

Останатите одредби од Правилникот остануваат непроменети.

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-108/6 | Совет на Општина Валандово |
| 22.05.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово што Советот на Општина Валандово ја донесе на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-691/7 | Градоначалник |
| 26.05.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на РМ“ бр. 62/2004, 89/2008, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на РСМ“ бр.31/20 и 16/25), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и („Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Валандово, за време на предфестивалската и фестивалската вечер на Фолк – Фест Валандово 2026 година за 26.05.2026 година (вторник - среда) и 27.05.2026 година (среда - четврток), **ГО ПРОДОЛЖУВА** работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Валандово, за два часа.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-108/7 | Совет на Општина Валандово |
| 22.05.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за обезбедување на средства за пред-финансирање на проекти имплементирани од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за обезбедување на средства за пред-финансирање на проекти имплементирани од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион што Советот на Општина Валандово ја донесе на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-691/8 | Градоначалник |
| 26.05.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024), а имајќи ја во предвид Одлуката на Советот за развој на Југоисточниот плански регион бр. 08-88/2 од 07.05.2026 година, Советот на Општина Валандово, на десеттата редовна седницата одржана на 22.05.2026 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**за обезбедување на средства за пред-финансирање на проекти имплементирани од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува обезбедување на финансиски средства од Буџетот на Општина Валандово за потребите на пред-финансирање на проектите:

1. „Детекција на пожари и засилена мрежа за итни случаи против пожари за отстранување на отпад“ – FIREDEFEND
2. „Зелено за добро“ – GREEN FOR GOOD
3. „Кон прекугранична област, безбедна за срцето“ – HEART SAFE CBA
4. „Пристапност и вклучување за сите во јавните туристички средства и услуги за туризам“ – TAX4ALL

кои се имплементираат од страна на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион во рамки на „ИНТЕРРЕГ

ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Грција и Република Северна Македонија 2021–2027“.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука се обезбедуваат во износ од 2.000.000,00 денари, согласно утврдениот удел на Општината во вкупниот износ на средства за пред-финансирање на проектите.

Овие средства се наменети исклучиво за пред-финансирање на проектни активности и имаат привремен карактер.

**Член 3**

Одобрените средства се префрлаат на сметката на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, кој е задолжен за понатамошно управување со истите, согласно Одлуката на Советот за развој на Југоисточниот плански регион.

Средствата ќе се користат наменски, исклучиво за реализација на проектните активности и ќе бидат предмет на финансиска контрола и верификација.

**Член 4**

По верификација на направените трошоци од страна на надлежниот Управувачки орган на програмата, средствата се рефундираат и се враќаат на сметката на Општината пропорционално на уплатениот износ.

**Член 5**

Се овластува Градоначалникот на Општина Валандово да ги преземе сите потребни активности за реализација на оваа Одлука.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-108/8 | Совет на Општина Валандово |
| 22.05.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за Фудбалскиот клуб „Победа” Валандово за освоената шампионска титула и подготовки за бараж за влез во Втора македонска фудбалска лига**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување финансиски средства за Фудбалскиот клуб „Победа” Валандово за освоената шампионска титула и подготовки за бараж за влез во Втора македонска фудбалска лига што Советот на Општина Валандово ја донесе на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-691/9 | Градоначалник |
| 26.05.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/2024), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**одобрување финансиски средства на Фудбалскиот клуб „Победа” Валандово за освоената шампионска титула и подготовки за бараж за влез во Втора македонска фудбалска лига**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат финансиски средства на ФК „Победа“ Валандово во износ до 200.000,00 денари, за освоена шампионска титула и подготовки за бараж за влез во Втората македонска фудбалска лига.

**Член 2**

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, 463 – трансфери до невладини организации, подставка 463120–трансфери до спортски клубови, на сметка на Фудбалски клуб „Победа“ Валандово број 200001634535837 депонент Стопанска банка АД Скопје.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави фотокопија од документацијата за намената за која се искористени, годишен финансиски извештај за претходната година како и план и програма за тековната 2026 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-108/9 | Совет на Општина Валандово |
| 22.05.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на КФМ „ПРОЕКТ ” с.Јосифово, Валандово како награда за освојување на шампионска титула во првата македонска футсал лига**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување финансиски средства на КФМ „ПРОЕКТ ” с.Јосифово, Валандово како награда за освојување на шампионска титула во првата македонска футсал лига што Советот на Општина Валандово ја донесе на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05.2026 година.

Бр.09-691/10 Градоначалник
26.05.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Сл.Весник на РСМ” бр.202/24), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на десеттата редовна седница одржана на ден 22.05.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување финансиска средства на КФМ „ПРОЕКТ ” с.Јосифово, Валандово како награда за освојување на шампионска титула во првата македонска футсал лига**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 300.000,00 денари, на КФМ „ПРОЕКТ” с.Јосифово, Валандово, како награда за освојување на шампионска титула во првата македонска футсал лига.

**Член 2**

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, ставка 464 – трансфери до невладини организации подставка 463120–трансфери до спортски клубови, на сметка на КФМ „Проект” Јосифово со ЕДБ 4006007122317 број 210062187090111 депонент НЛБ Банка АД Скопје.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-108/10 Совет на Општина Валандово
22.05.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Општинскиот енергетскиот план за 2027 година за Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Општинскиот енергетскиот план за 2027 година за Општина Валандово што Советот на Општина Валандово ја донесе на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05.2026 година.

Бр.09-691/11 Градоначалник
26.05.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ” бр.202/24) и член 21 став 1 точка 44 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Општинскиот енергетски план за 2027 година за Општина Валандово**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Општинскиот енергетскиот план за 2027 година за Општина Валандово по претходно добиена согласност од Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини бр.12-8522/1 од 20.05.2026 година заведена под бр.12-654/2 од 21.05.2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-108/11 Совет на Општина Валандово
22.05.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2027 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Јосип Броз Тито” Валандово за 2027 година што Советот на Општина Валандово ја донесе на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-691/12 | Градоначалник |
| 26.05.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ“ бр.143/19, 14/20, 208/24 и 210/24), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на десеттата редовна седница одржана на ден 22.05.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општинското основно училиште „Јосип Броз Тито“ Валандово за 2027 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување на Општинското основно училиште „Јосип Броз Тито“ Валандово за 2027 година, бр.0102-225/1 од 21.05.2026 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-108/12 | Совет на Општина Валандово |
| 22.05.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово за 2027 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Страшо Пинџур” с.Јосифово, Валандово за 2027 година што Советот на Општина Валандово ја донесе на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-691/13 | Градоначалник |
| 26.05.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ“ бр.143/19, 14/20, 208/24 и 210/24), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на десеттата редовна седница одржана на ден 22.05.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општинското основно училиште „Страшо Пинџур“ Јосифово за 2027 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Годишниот план за вработување на Општинското основно училиште „Страшо Пинџур“ Јосифово за 2027 година, бр.0102-214/1 од 21.05.2026 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-108/13 | Совет на Општина Валандово |
| 22.05.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за прифаќање на донација – Осветлување и озвучување на предвестивалската вечер од Фолк Фест Валандово 2026 година од Друштво за трговија и услуги РЕНТАЛ МЕДИЈА ГРУП ДООЕЛ Струмица**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за давање согласност на Одлука за прифаќање на донација – Осветлување и озвучување на предвестивалската вечер од Фолк Фест Валандово 2026 година од Друштво за трговија и услуги РЕНТАЛ МЕДИЈА ГРУП ДООЕЛ Струмица што Советот на Општина Валандово ја донесе на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-691/14 | Градоначалник |
| 26.05.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член 6 став 3 од Законот за финансирање на едниците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.61/2004, 96/2004, 22/2007, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, 209/2018, и „Сл. весник на РСМ“ 244/2019, 82/2020, 53/2021, 77/2021, 150/2021, 173/2022, 170/24 и 37/25), член 6 и 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Сл. весник на РМ“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/24) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово Советот на Општина Валандово на десеттата редовна седница, одржана на ден 22.05.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на донација – Осветлување и озвучување на предфестивалската вечер на Фолк Фест Валандово 2026 година од Друштво за трговија и услуги РЕНТАЛ МЕДИЈА ГРУП ДООЕЛ Струмица**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Валандово ја прифаќа донацијата од Друштво за трговија и услуги РЕНТАЛ МЕДИЈА ГРУП ДООЕЛ Струмица за осветлување и озвучување на предфестивалската вечер на Фолк фест Валандово 2026 година која ќе се одржи на градскиот плоштад во Валандово на ден 26.05.2026 година во вредност од 200.000,00 денари.

**Член 2**

